| **Содржини и поими** | **Стандарди за оценување** | **Часови и дата на реализација** | **Сценарио на часот** | **Средства** | **Следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Литературен текст/творба (драмски текст )**<br><br>**„Во нашата градина“** | Идентификува народна приказна, расказ, басна, бајка, драмски текст и стихотворба (по слушање)<br><br>Препознава почеток, средишен и завршен дел од слушнат литературен текст. • Прераскажува кус литературен текст, почитувајќи го редоследот на настаните | **1** | **Воведни активности**<br>Разгледување и разговор за сликите<br>Моето омилено овошје / зеленчук бура на идеи<br><br>**ИЦ:** Интерпретација на драмскиот текст<br>(Читање – драмско читање)<br>**Главна активност**<br>Техника ,,Наставникот чита наглас ,,<br>Читање на расказот и анализа на содржината низ техника видови прашања:<br>- Кои се главни ликови во драмскиот текст?<br>Зошто се карале?<br>Што мислиш ти - кој е во право?<br>Кој лик ти се допадна? Зошто?<br>Во кое годишно време се случува дејството? По што заклучи?<br>Кој од петте лика во текстот не е овошје?<br><br>**Завршна активност:** насоки и вежби за драмско читање<br>Читање на текстот вообичаено и драмски..<br>Кој начин ви беше поинтересен?<br><br>Насоки за дома – вежби за драматизирање<br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |


resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Убаво читам и пишувам ИЛТ<br><br>Децата и сонцето | води краток разговор со други;<br>бпрераскажува и раскажува кратки слушнати текстови, употребувајќи различни видови речениц | 1<br><br>2021 | **Воведни активности**<br><br>Учениците добиваат насоки за тивко читање во себе<br>Кажувам збор од текстот што го читаат<br>Зборот е составен од пет букви , втората буква е О<br>Учениците годат кој збор го барам (сонце)<br>Тој што ќе погоди чита<br><br>**Главна активност**<br><br>После секое читање се повторува постапката за следен читач<br>Сите ученици внимателно слушаат и го пратат ученикот што чита<br><br>Учениците после секое читање даваат коментар за читањето на другарчето.<br>По завршување на читањето секој ученик избира три реченици од текстот и ги препишува<br><br>**Завршна активност**<br><br>Игровни активности – Најди го патот ...и сл<br>Лавиринти<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





resursi.literatura.mk

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Вежби во читање и пишување<br> | | 1 | **Воведни активности**<br>Игра со зборови<br>*** Ајде да ги разложуваме зборовите и да видиме што ќе добиеме**<br>мама глава молив поделба Јована<br>ама лава олив оделба ована<br>ма ава лив делба вана<br>а ва ив елба ана<br>а в лба на<br>*** Како се презива твоето име** ..... а<br>Филип – овски Бојан – овски Андреј-еевски итн....<br>**Главна активност**<br>Вежби за читање на познати текстови по избор на учениците<br>Секој ученик си избира текст со кој ќе ни се претстави во читање<br>Умеам да читам сега<br>Авторска столица – техника<br>**Завршна активност**<br>Игра аквариум – сите деца во круг еден по еден извлекуваат ленти од хартија на кој е напишано што треба да направат ...целта е да се прочита и да се разбере тоа што се чита....<br>пр. Донеси ми вода Скокни 3 пати Напиши на таблата мама<br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br>Придонес во групните активности<br>Придонес во изведување на заклучоци |

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| ИЛТ<br>Со труд до успех | може да разликува сопствен успех и неуспех во учењето и работата<br>» умее да побара помош при неуспех во учењето или работата<br><br>го прифати успехот како резултат на нејзините/неговите лични залагања и труд | 1 | **Воведни активности**<br>**Мотивирачки говор**<br>За да се постигне успех потребно е да се вложува труд и да се вежба. Кога нешто не ни успева понекогаш сакаме да се откажеме,<br>но доколку вложиме дополнителен труд веројатно ќе успееме. Кога<br>некој ќе ни покаже како или на друг начин ќе ни помогне, ни ги зголемува шансите за успех.<br>**Главна активност**<br>Следи читање на текстот - техника пауза за разјаснување<br>Разговор за содржината<br>Кои ликови се споменуваат во текстот?<br>Колку моливи во боја имале децата?<br>Кои деца се налутија?<br>Што боеле децата?<br>Следи штафетно читање<br>Заеднички цртеж – сите деца го ставаат својот потпис со своја боја<br><br>**Завршна активност**<br>Игри - Вртење во круг<br>Учениците се делат во парови по слободен избор и секој пар се сместува во просторијата така да има доволно место<br>околу себе.<br>Наставникот ја дава следнава инструкција: „Застанете свртени еден кон друг и фатете се за лактите. Доближете ги<br>нозете еден кон друг така што ќе се допрете со прстите на стапалата. Потоа раздвојте ги телата, навалувајќи се наназад,<br>но при тоа внимавајте да останете во рамнотежа. Сега почнете | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите.<br>• Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |





да се вртите во круг без да се отпуштите.”

Клекнување - станување

Учениците се поделени во парови и фатени се за раце и со допрени стопала (онака како во претходната игра).
Наставникот вели: „Обидете се полека заедно да клекнете и потоа да станете. Се разбира, без да паднете.”
Наставникот треба да ги набљудува учениците и да дава помош со инструкции онаму каде што е потребно. Може да ги поттикнува оние деца што не можат да ја изведат активноста да ги гледаат оние што можат и од нив да научат, или да се направат парови од едно дете што успешно ја совладало активноста со дете што сеуште се обидува.

На крајот наставникот поведува разговор

1. Како ви беше додека ги изведувавте активностите?
2. Во која најлесно успеавте?
3. Која задача ви беше најтешко да ја постигнете?
4. Што ви доаѓаше да направите кога по неколку пати не ви успеваше активноста?
5. Како успеавте да ја изведете активноста?
6. Дали повторувањето и упорноста помагаше? Дали некој ви помогна?
7. Што друго ви помогна?
8. Како соработувавте едни со други? Дали и тоа помогна?

За да се постигне успех потребно е да се вложува труд и да се вежба. Кога нешто не ни успева понекогаш сакаме да се откажеме, но доколку вложиме дополнителен труд веројатно ќе успееме. Кога некој ќе ни покаже како или на друг начин ќе ни помогне, ни гизголемува шансите за успех.

**Рефлексија**

| Содржини и поими | Стандарди за оценување | Часови и дата на реализација | Сценарио на часот | Средства | Следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Г.В. Летото ни доаѓа | Пишува кратки реченици, користејќи голема буква и интерпункциски знаци (точка, извичник и прашалник) | 1 | **Воведни активности**<br><br>**Бура на идеи – Лето**<br>Секој ученик кажува по еден збор и го пишуваме на табла<br>Следна задача од тие зборови да состават реченици<br>Читање на речениците .пишување на табла и разговор околу тоа дали се точно искажани и напишани<br>Следи корекција на речениците ,доколку има потреба<br><br>**Главна активност**<br><br>Учениците добиваат работен лист со неправилно напишани реченици<br>Задача – да ги напишат точно речениците ,односно да ги наредат за да добијат целосно завршена мисла<br>Во следната активности ги читаме речениците и констатираме точно неточно<br>Раскажуваат што ќе прават за летниот распуст<br>**Завршна активност**<br><br>Игра – техника каменот што зборува на тема Лето<br>- еден ученик кажува испревртена реченица ,другите имаат задача да ја кажат точно ..оно кој ке погоди го добива каменот што зборува и тој ја води играта<br><br>**Рефлексија** | Наставни листови, плакати, постери, илустрации со слики (одделени или во низа) поврзани со содржините и активностите. • Сликовници и книги (приказни, басни, бајки, стихотворби, гатанки, брзозборки, бројалки). • Списанија за деца, илустрирани енциклопедии за деца, илустрирани речници | Усни одговори на прашања во дискусија<br><br>Придонес во групните активности<br><br>Придонес во изведување на заклучоци |

